Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца Детска градинка
ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА-МАРА
бр. 04-236/2
27.09. 2022 год.

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита на децата (Сл. весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/15, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), а во врска со согласноста бр.18-1825/2 од Министерството за финансии на РСМ , директорот на ЈУОДГ„ ЈУОДГ„Естреја Овадија Мара„-Битола, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2022**
**за унапредување на даватели на услиги**

1. **4(четири) воспитувачи, шифра ДЕЗ 03 03 В03 001, во оддел на воспитувачи,**

Кандидатот треба да ги исполнува следниве услови за извршување на работите и работните задачи:
-по основ на образование да има завршено: дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог, со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и важечка лиценца за воспитувач, со најмалку една година работно искуство во струката.

2. **3(три) негователи, шифра ДЕЗ 03 03 Д03 001, во оддел на негователи.**

Кандидатот треба да ги исполнува следниве услови за извршување на работите и работните задачи:
-по основ на образование да има завршено: четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, како и завршено четиригодишно средно образование за лица кои се стекнале со важечка лиценца за неговател до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.104/19), важечка лиценца за неговател и најмалку една година работно искуство во струката.

Покрај наведеното кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување утврдени во член 142 став 1 од Законот за заштита на децата.

На интерниот оглас може да се пријави давател на услуга вработен во истата установа, кој ги исполнува општите и посебните услови пропишани за соодветното ниво во Законот за заштита на децата и во актот на систематизација како и:
- да е оценет со оцена „4” или „5 “ при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кон пријавата во која треба да се наведе редниот број и називот на работното место за кое се конкурира, кандидатот потребно е да достави:

Scanned with CamScanner

- Уверение/свидетелство за завршен степен на образование кое се бара (оригинал или копија заверена на нотар),
- Важечка лиценца за соодветното работно место,
- потврда за работно искуство во струката,
- Лекарско уверение,
-Уверение за државјанство (копија),
- Потврда дека го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
-Доказ дека не е изречена казна или прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- Доказ дека не е изречена казна за правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родосквернавање, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување.

Рокот за доставување на документите е 3(три) работни дена, сметано од наредниот ден од објавување на огласот на огласна табла на установата и на веб страната н а институција.

Распоред на работно време:
-Работно време на работно место дипломиран педагог, воспитувач и негувател е 40 часа неделно (понеделник-петок), а дневното работно време е 8 часа и истото е скалесто во периодот од 06,00-18,00 часот

Плата во нето износ:

Основната нето плата за работно место воспитувач изнесува 24.937 денари.
Основната нето плата за работно место негувател изнесува 18.857 денари.

Пријавата со потребните документи да се достават до :
ЈУОДГ„Естреја Овадија Мара„-Битола
ул.„Наум Наумовски Борче“ бр 40

**Директор**

**Лидија Тфирст Митревска**

Scanned with CamScanner